| Критериум за успех | - Реконструкција и адаптација на училишните тоалети<br><br>- Реконструкција на училишниот кров и громобранска инсталација<br><br>- Обезбедување и инсталација на надворешен лифт<br><br>- Изградба/адаптација на спортска сала | - Обучени и сертифицирани специјални едукатори-рехабилитатори и стручни соработници за работа со деца со попреченост како и со возрасни<br><br>- Обучени нови членови на Одделението за едукација и координација<br><br>- Зголемени компетенции на ОА за поддршка на ученици со различни видови попречености | - Мотивирани наставници и родители<br><br>-Адекватен избор на родители и подготовка на ситуациони работилници<br><br>- психосоцијална поддршка на семејствата кои имаат дете со ПОП<br><br>- Вештини, знаења и насоки во справувањето со родителството<br><br>- Формирање на фокус групи и споделување на позитивни практики и искуства помеѓу родителите |
| Инструменти | Листи од пописи,Формулари за преглед/проверка,формулари за реферати за набавка | Анкетирање на вработените за проценка на постоечките капацитети, Анализа на понуди од различни провајдери, Формирање на тимови за учество на обука, Обука на новите членови од страна на Одделението за едукација и координација | Учество на родителите во изготвување и евалуирање на ИОП/Модифицирана програма за ученикот, Учество на родителите во давање на сугестии во однос на наставни стратегии и стилови на учење, Одржување на работилници со кои родителите ќе се запознаат со методите на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **објективна проценка на можностите и интересите на учениците, Позитивно родителство** |
| **Индикатори за успешност** | **Работа и квалитетна настава во нови и обновени простории** | ***Зголемен број на заинтересирани наставници за професионално усовршување;**<br><br>***Имплементирање на стекнатите знаења**<br><br>***Континуирана анализа и следење на постигнувањата од применетите иновации во воспитно-образовниот процес;** | ***Подобрено здравје на учениците (физичко, ментално)**<br><br>***Чиста училишна средина и пошироко** |
| **Одговорен за следење** | **Директор,**<br><br>**Наставници**<br><br>**Стручна служба**<br><br>**Технички персонал** | **Директор,**<br><br>**Стручна служба**<br><br>**Сите наставници** | **Директор,**<br><br>**Сите наставници**<br><br>**Стручна служба**<br><br>**Тим за професионален развој** |
| **Повратна информација** | **Годишен извештај** | **Записници од стручни активи**<br><br>**Извештаи, анализи за успехот и поведението на учениците** | **Извештај за работата, Извештаи од систематски прегледи** |

# 8.Реализација и организација на работата во основното училиште

## 8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште

Календарот за работа на училиштето го донесува Министерот за образование. Календарот за работа Министерството за образование и наука го објавува во Службен весник (www.slvesnik.com.mk)

## 8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

**Организација на наставен кадар и стручни соработници во ОУРЦ „д-р Златан Сремец“ –Скопје за учебната 2024/25 година**

| **ПРЕДМЕТНА НАСТАВА( 5 паралелки -10 наставници)** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Име и презиме на наставник** | **Клас** | **Предмети** | **Бр.на часови по предмети** | **Вкупен фонд на часови** |
| **1. Елена Солева**<br><br>**Училница бр.** | **VI** | **Македонски јазик** | **4 часа** | **21** |
| | | **Математика** | **5 часа** | |
| | | **Природни Науки** | **3 часа** | |
| | | **Историја и општество** | **3 часа** | |
| | | **Техничко обра. и Инфор.** | **2 часа** | |
| | | **Ликовно образование** | **1 часа** | |
| | | **Музичко образование** | **1 час** | |
| | | **Животни вештини** | **2 часа** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2. Бијлана Бадева**<br><br>**Училница бр.** | **VII** | **Македонски јазик** | **4 часа** | **20** |
| | | **Математика** | **4 часа** | |
| | | **ОПН** | **2 часа** | |
| | | **ООН** | **2 часа** | |
| | | **Ликовно образование** | **2 часа** | |
| | | **Работа со компјутери** | **2 часа** | |
| | | **Животни вештини** | **2 часа** | |
| | | **Музичко образование** | **2 часа** | |
| **3. Ана Јанушева**<br><br>**Училница бр.** | **VIII** | **Македонски јазик** | **4 часа** | **20** |
| | | **Математика** | **4 часа** | |
| | | **ООН** | **2 часа** | |
| | | **ОПН** | **2 часа** | |
| | | **Техничко образование** | **2 часа** | |
| | | **Работа со компјутери** | **2 часа** | |
| | | **Ликовно образование** | **2 час** | |
| | | **Животни вештини** | **2 часа** | |
| **4. Билјана** | **КП 3 VI** | **Македонски јазик** | **4 часа** | **22** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Живковска**<br><br>**Училница бр.** | **и IX** | **Математика** | **5 часа** | |
| | | **Природни Науки/ОПН** | **3 часа** | |
| | | **Историја и Општество / ООН** | **3 часа** | |
| | | **Ликовно образование** | **2 часа** | |
| | | **Музичко образование VI** | **1 час** | |
| | | **Работа со компјутери IX** | **2 часа** | |
| | | **Животни вештини** | **2 часа** | |
| **5. Александра В. Чанаковска**<br><br>**Училница бр.** | **КП4**<br>**III,VI,**<br>**VII,VIII** | **Македонски јазик** | **5 часа** | **23** |
| | | **Математика** | **5 часа** | |
| | | **Природни Науки/ОПН** | **3 часа** | |
| | | **Историја и Општество / ООН** | **3 часа** | |
| | | **Работа со компјутери VIII** | **2 часа** | |
| | | **Ликовно образование** | **2 часа** | |
| | | **Животни вештини** | **2 часа** | |
| | | **Музичко образование III,VI** | **1 час** | |
| **5. Мери Нолчева** | **АК1**<br>**VI,VIII,IX** | **Македонски јазик** | **4 часа** | **20** |
| | | **Математика** | **5 часа** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Училница бр. 12** | | **Историја и Општество/ ООН** | **3 часа** | |
| | | **Природни Науки /ОПН** | **3 часа** | |
| | | **Работа со компјутери,VIII,IX** | **2 часа** | |
| | | **Ликовно образование** | **2 часа** | |
| | | **Музичко образование** | **1 час** | |
| **7. Марија Тонева**<br><br>**Училница бр. 12** | **АУТ.**<br><br>**IV** | **Македонски јазик** | **5 часа** | **21** |
| | | **Математика** | **5 часа** | |
| | | **Природни Науки** | **2 часа** | |
| | | **Историја и Општество** | **2 часа** | |
| | | **Ликовно образование** | **1 час** | |
| | | **Музичко образование** | **1 час** | |
| | | **Техничко образование и Информатика** | **1 час** | |
| | | **Животни вештини** | **2 часа** | |
| | | **Животни вештини А.К.1** | **2 часа** | |
| **8. Славица Ѓоргиевска** | **АК.2 V,VI, VII** | **Македонски јазик** | **5 часа** | **22** |
| | | **Математика** | **5 часа** | |
| | | **Историја и општество/ООН** | **3 часа** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Училница бр.** | | | | |
| | | **Природни науки / ОПН** | **2 часа** | |
| | | **Работа со компјутери VII** | **2 часа** | |
| | | **Животни вештини** | **2 часа** | |
| | | **Ликовно образование** | **2 часа** | |
| **9. Марина Пешиќ**<br><br>**Физичко и здравствено обр**<br><br>**Училница бр. 10** | **/** | **VII ,VIII, КП3, КП4, АК1,**<br><br>**АУТ IV, АК2,** | **7x3 часа** | **21** |
| **10. Ифтимчо Николовски Техничко образование и информатика** | **/** | **ТО/ТОИ**<br><br>**VII, КП3, АК1, АК2, КП4** | **5x2 часа** | **20** |
| | | **С.И.П.1-**<br><br>**КП1-III, III1, III2, КП2, V**<br><br>**( Прво полугодие)**<br><br>**С.И.П.- VI, КП3 – VI,**<br><br>**КП4- III и VI, АК1- VI,**<br><br>**АК2 – V и VI**<br><br>**(Второ полугодие)** | **5x1 час**<br><br>**5X1 час** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **11. Татјана К.Кацарска**<br><br>**Училница бр. 13** | | **Музичко образование**<br><br>**КП1- III, КП2**<br><br>**VIII, КП3 - IX, КП4, АК2** | <br><br>**2x1 часа**<br><br>**4x2 часа** | **20** |
| | | **С.И.П.2**<br><br>**VI, КП3 – VI, КП4- III и VI , АК1- VI,**<br><br>**АК2 – V и VI**<br><br>**(Прво полугодие)**<br><br>**С.И.П.-КП1-III, III1, III2, КП2, V**<br><br>**(Второ полугодие)** | <br><br>**5x1 часа**<br><br><br><br><br><br>**5x1 часа** | |

| **ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА ( 7 паралелки – 8 наставници)** | | |
|---|---|---|
| **Одделение** | **Име и презиме на наставник** | **Вид на настава** |
| **КП1- III-VII**<br><br>**Училница бр. 1** | **1. Емилија Јовановиќ** | **Класична настава со продолжен престој** |
| **III-1**<br><br>**Училница бр. 4** | **2. Биљана К.Настевска** | **Класична настава со продолжен престој** |
| **III-2**<br><br>**Училница бр.** | **3. Ана Шикалеска и Бојана Досевски** | **Целодневна настава со продолжен престој** |
| **КП2 - III-IV**<br><br>**Училница бр. 2 КП 2** | **4. Валентина Киткањ** | **Класична настава со продолжен престој** |

| | | |
|---|---|---|
| **V**<br><br>**Училница бр. 1** | **5. Јелена Лосева** | **Класична настава со продолжен престој** |
| **КП1, III1, III2, КП2, V,VI,**<br><br>**+ МП 3 часа** | **6. Влатко Близнаковски** | **ФЗО тандем наставник** |

**Комбинирани паралелки – КП:**

- **КП1 – III - VII – Емилија Јовановиќ**
- **КП2 – III – IV - Валентина Киткањ**
- **КП3 – VI – IX - Билјана Живковска**
- **КП4 - III,VI,VII,VIII – Александра В. Чанаковск**

| **ПРОДОЛЖЕН ПРЕСТОЈ (5 наставници)** | |
|---|---|
| **Име и презиме на наставник** | **Група** |
| **1. Вера Ванчова** | **I група** |
| **2. Маја Н. Станковска** | **II група** |
| **3. Горан Наскоски** | **III група** |
| **4. Мери Стојкова** | **IV група** |
| **5. Миодраг Вујовиќ** | **V група** |

Поделбата на класното раководство,поделба на часови за предметна настава ќе биде дополнително доставен како Анекс на Годишната програма за учебната 2024/2025.

| **СТРУЧНА СЛУЖБА** | |
|---|---|
| 1. Ирена М. Славевска | Социјален работник |
| 2. Даниела Митревска | Логопед |
| 3. Ана Грашеска | Психолог |

| **Одделение за едукација и координација и ресурсни услуги** | |
|---|---|
| 1. Роберта Митревска | Специјален едукатор и рехабилитатор |
| 2. Милица Серафимовска | Специјален едукатор и рехабилитатор |
| 3. Јасмина Лукановска | Специјален едукатор и рехабилитатор |
| 4. Билјана С. Стојчевска | Специјален едукатор и рехабилитатор |
| 5. Викторија Пешевска | Специјален едукатор и рехабилитатор |
| 6. Маја Трајчова | Специјален едукатор и рехабилитатор |
| 7. Ивана Петреска | Специјален едукатор и рехабилитатор |
| 8. Ана Манева | Специјален едукатор и рехабилитатор |
| 9. Ана Темелковска | Специјален едукатор и рехабилитатор |
| 10. Соња Миленкова | Специјален едукатор и рехабилитатор |
| 11. Соња Миновска | Специјален едукатор и рехабилитатор |
| 12. Благица Павлески | Специјален едукатор и рехабилитатор |

**Распоред на часови за предметна настава за учебната 2024/25**

Распоредот на часови за предметна настава ќе биде дополнително доставен како Анекс на Годишната програма за учебната 2024/2025

### 8.3. Распоред во смени

Задолжителната настава се реализира во една и половина смена, целодневна настава и продолжен дневен престој. Часовите започнуваат во 8:00 часот наутро, за одделенската целодневна настава завршуваат во 14:20, а за предметната настава во 8:00 до 12:45, односно продолжен дневен престој до 14:20 часот. Дежурните дефектолози – наставници остануваат со учениците до 15.20 часот. Секој час трае 40 минути. После вториот час има голем одмор во траење од 20 минути, после четвртиот час има одмор од 10 минути, а одморите помеѓу останатите часови траат по 5 минути.

| ПРВА СМЕНА | | ПРОДОЛЖЕН ДЕФЕКТОЛОШКИ ТРЕТМАН | | ЦЕЛОДНЕВНА НАСТАВА | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 час | 08:00 - 08:40 | Подготовка за ручек и ручек | 12,05- 13,45 | Појадок | 08,00- 08,40 |
| 2 час | 08:45 - 09:25 | | 13,50- 14,20 | 2 час | 08,45- 09,25 |
| 3 час | 09:45 - 10:25 | | до 15,20 | 3 час | 09,45- 10,25 |
| 4 час | 10:30 - 11:10 | | | 4 час | 10,30- 11,10 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 час | 11:20 - 12:00 | | | Ручек и слободни уч.активности | 11,20- 12,00 |
| 6 час | 12:05 - 12:45 | | | 5 час | 12,05- 12,45 |
| | | | | 6 час | 12,50- 13,30 |
| | | | | 7 час | 13,40-14,20 |
| | | | | дежурство | до 15,20 |

### 8.4. Јазик/јазици на кој/и се изведува наставата

Наставата во училиштето се изведува на македонски јазик и албански наставен јазик.

Настава на албански наставен јазик се изведува во подрачните паралелки при основните училишта ООУ„Дитурија“ – Сарај (2 комбинирани паралелки) и ООУ “Наим Фрашери “-С.Студеничани (1 комбинирана паралелка).

| *Наставен јазик* | Наставен јазик- македонски | Наставен јазик- албански |
|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 15 | 3 |
| **Број на ученици** | 81 | 11 |
| **Број на наставници** | 34 | 3 |

### 8.5. Проширена програма

Проширената програма која влегува во состав на Годишната програма на училиштето и опфаќа организирано прифаќање на учениците еден час пред започнувањето на часовите од редовната настава и еден час после завршувањето на часовите од редовната настава, целодневна настава и продолжен дневен престој. За учениците од III до V одделение, се организира прифаќање на истите еден час пред започнувањето на часовите од редовната настава и организирана целодневна настава. За учениците од VI до IX –то одд. се организира прифаќање на истите еден час пред започнувањето на редовната настава и организиран продолжен дневен престој. Во тој период застапени се следниве активности: негување на културно-хигиенски навики и обавување на исто такви обврски; активности кои се од интерес на учениците (слушање музика, играње на музика, гледање ТВ, боење, социјални игри и сл.), како и подготовка на учениците за настава. Учениците од III до IX одд. после завршувањето на часовите од редовната настава (08:00 до 11:10/12:00/12:45), својот престој во училиштето го продолжуваат во продолжениот дневен престој. Овде учениците ги реализираат

зададените домашни задачи, други училишни обврски, учествуваат во културно-уметнички и други активности кои се во согласност со утврдената програма за работа на училиштето. На тој начин учениците секогаш се навремено прифатени, згрижени и под постојан надзор на дефектолозите.

### 8.6. Комбинирани паралелки

**Организацијата на кадарот во комбинираните паралелки ќе биде детално елабориран во анексот кон годишната програма.**

| Комбинирани паралелки | | |
|---|---|---|
| **ПОДРАЧНИ ПАРАЛЕЛКИ** | | |
| Име и презиме на наставник | Комбинирана паралелка | Бр.на ученици |
| ООУ Наим Фрашери<br>Цељан Дрешај | V, VI | 4 |
| ООУ Кузман Шапкарев<br>1.Лидија Таковска<br>2.Маја Весковска | IV, VII,IX<br>VI,VII | 3<br>4 |
| ООУ Дитурија<br>1.Севим Исени<br>2.Бушра Ф. Сулејман | III,V<br>VI,VII,IX | 3<br>4 |
| | | |
| **Комбинирани паралелки во ЦЕНТРАЛНО УЧИЛИШТЕ** | | |
| Име и презиме на наставник | Комбинирана паралелка | |
| 1. Емилија Јовановиќ | III, VII | 6 |
| 2. Валентина Киткањ | III, IV | 6 |
| 3. Билјана Живковска | VI, IX | 8 |
| 4. Александра В. Чанаковска | III,VI,VII,VIII | 5 |
| 5. Мери Нолчева | VI,VIII,IX | 5 |
| 6. Славица Ѓоргиевска | V,VI,VII | 6 |

### 8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Според Наставниот план од БРО во училиштето не се изучуваат странски јазици.

### 8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Наставниците-дефектолози заедно со предметниот наставник по физичко и здравствено образование ги реализирааат потребните содржини по предметот физичко и здравствено образование со учениците од третро до петто одделение.

**8.9. Изборна настава**

Согласно одобрениот наставен план од I- IX одд. за ученици со пречки во психичкиот развој и аутизам од страна на Бирото за развој на образованието, изборот на слободни изборни предмети се прави според направената анкета со родителите на крајот од учебната година. Учениците кои ќе следат настава според новата концепција во текот на оваа учебната година ќе следат настава по следните изборни премети: Моделарство, креативни идеи - направи сам и Изработка од хартија, Оригами.

**8.10. Дополнителна настава**

Според Законот за основно образование, во училиштето задолжително се организира дополнителна настава.

Распоредот за дополнителна настава е составен дел на годишната програма во делот на прилозите. Распоредот за дополнителна настава е истакнат на видно место во училиштето, и воедно е испратен до ДПИ согласно законските рокови. Дополнителна настава се изведува по сите предмети, а поради спецификата со сите ученици, не повеќе од еден час неделно. Дополнителната настава се организира за учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на наставните содржини во наставниот процес. Во текот на целиот воспитно – образовен процес со учениците кои што имаат потешкотии во учењето, се работи со форми и методи специфични за дефектолошката работа со цел надминување на предизвиците при усвојувањето на нови знаења и вештини од планираните содржини содржини. Секој наставник, реализираните активности за дополнителна настава ги внесува во утврдени обрасци за педагошка евиденција на дополнителна настава дадени од Биро за развој на образование.

**8.11. Додатна настава**

Според Законот за основно образование во училиштето се организира и додатна настава. Поради структурата на учениците истата се реализира со ученици кои покажуваат зголемен интерес и афинитети при реализацијата на активности по одредени наставни предмети и поседуваат потенцијални способности за стекнување на продлабочени знаења. Во нашето училиште додатната настава се реализира со 1 час неделно. Секој наставник, реализираните активности за додатна настава ги внесува во утврдени обрасци за педагошка евиденција на додатна настава дадени од Биро за развој на образование..

**8.12. Работа со надарени и талентирани ученици**

Учениците од нашето училиште имаат пониски интелектуални способности и со потешкотии ги совладуваат наставните содржини. Поради тоа, во нашето училиште не се изработуваат индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани ученици.

### 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Според Законот за основно образование, концепција за деветгодишно образование и наставните планови и програми изготвени од страна на Бирото за развој на образованието, како и концепцијата за инклузивното образование, воспитно – образовниот процес во ОУРЦ „ Д-р Златан Сремец“ - Скопје и во оваа учебна година ќе се остварува според наставните планови и програми за деветгодишно посебно основно образование за ученици со пречки во психичкиот развој, мултихендикеп и аутизам и според модифицирана програма за ученици кои имаат потреба од посебна подршка врз основа на утврдена функционална проценка од Стручни тела на (МКФ) .

За текот на учебната 2024/2025 година наставниците – дефектолози ќе изготвуваат годишни и тематски планирања по сите наставни предмети, како и за воннаставните и слободните ученички. НПП кои се одобрени од БРО за деветтгодишно основно образование се адаптираат и модифицираат според индивидуалните можности и способности на учениците.

Целокупниот воспитно образовен процес ќе се реализираво вид на:

- **Редовна настава,** како класична настава за учениците од III до IX одд., целодневна настава за ученици од III одделение, а од III до V одделение и од VI до IX одделение продолжен дневен престој за учениците .
- **Настава во домашни услови** со печатени материјали и со постојано давање насоки и комуникација со родителите и добивање повратен одговор во вид на ученички обработки кои се содржани во нивнте индивидуални портфолија.
- **Настава за ученици кои се со надмината**

Нашето училиште како **Ресурсен центар** ќе продолжи со овозможување на стручна, материјална и просторна поддршка на учениците со посебни образовни потреби, нивните семејства, воспитно – образовниот кадар во училиштата и образовните асистенти. Согласно потребите,ќе се адаптираат и дополнителни училници со цел посоодветна поддршка на повеќе ученици со посебни потреби кои учат во редовните училишта. За таа цел се опремените кабинети за Арт терапија, Монтесори педагогија и Сензорна соба со корективна гимнастика. Воедно ќе се користи асистивна технологија во наставата како и во индивидуалните третмани со учениците кои работат по модифицирана програма и ИОП и се инклузирани во редовните училишта. За овие ученици според препораките и дадените проценки од Стручното тело за фукционална проценка ќе се реализираат индивидуални третмани за едукација и рехабилитација со цел подобрување на нивните способности и знаења. Ќе се работи по однапред утврден распоред и програма, според нивните потреби кој ќе го реализираат стручните соработници - специјалните едукатори и рехабилитатори од **Ресурсниот центар** на ОУРЦ „ Др.Златан Сремец„ - Скопје.

**Одделението за едукација и координација** составено од 12 стручни соработници – специјални едукатори и рехабилитатори, во текот на учебната 2024/2025 година, ќе продолжат со селекција, едукација и распределба на образовните асистенти во

училиштата, состаноци со инклузивните тимови на училиштата со цел да се запознаат со програмата и начинот на функционирање на образовните асистенти во училница. Според нивната програма ќе имаат редовна комуникација со нив со цел споделување информации, давање насоки и упатства за текот на работата, во вид на споделување позитивни практики за изработка на ИП и модифицирана програма за секој ученик, адаптација на нагледните средства, наставните методи и адаптирана презентација на наставните содржини, како и дефинирање на процесот за формативно/сумативно оценување и евалуација на стекнатите знаења и напредокот на ученикот. Образовните асистенти на крајот на секоја недела доставуваа извештај за тековната работа.

*Координаторите* учествуваат во процесот на креирање на инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште, осмислувањето и спроведувањето на планираните активности преку соработка со инклузивните училишни тимови, учество во процесот на идентификување на мерки за поддршка, во процесот на развивање на активности за поддршка на сите чинители во планираните активности (наставник, одделение,родител), додека *Образовните асистенти* ќе учествуваат во наставата на различни начини, секогаш под супервизија на координаторот и наставникот, за да се подобри процесот на учење кај ученикот со посебни образовни потреби. Целта на поддршката која ќе ја даваат образовните асистенти е преку соработка со наставниците и со примена на методите на кооперативно учење да им помогнат на учениците да учествува во воспитно-образовниот процес, максимално да ги реализираат своите потенцијали и да стекнуваат самостојност и социјална вклученост во училишната средина.

## 9. Вонаставни активности

### 9.1. Училишни спортски клубови

Спортскиот клуб на ОУРЦ „Д-р Златан Сремец“-Скопје е регистриран во Централниот регистар. По разрешување на административните и финансиски пречки очекуваме од оваа учебна година да се започне со реализација на целите посочени во статутот и со предвидените спортски активности за учениците И покрај тоа спортските активности во училиштето се организираат како на часовите така и преку реализација на планираното во спортската секција.

### 9.2. Акции

Согласно својата воспитно-образовна функција училиштето организира активности кои се општествено значајни и хумани, а во кои активно учество имаат учениците, наставниците - дефектолози, родителите и пошироката заедница. Сите активности кои ги планира училиштето се поддржани од Училишниот одбор и Советот на родители.

Според карактерот и содржината на работа јавните и културни активности се Согласно својата воспитно - образовна функција училиштето како секоја така и во оваа учебата година ќе организира активности кои се општествено значајни и хумани, а во кои активно ќе учестваат учениците, наставниците– специјални едукатори и рехабилитатори, родителите и пошироката заедница. Целта на овие акции е кај учениците да се развијат

чувства за солидарност и хуманост, љубов и позитивен однос кон работата, чувство за одговорност, навика за одржување на чиста и здрава околина, да создава почит и позитивен однос кон спомениците на културата и историското минато. Од друга страна, преку организирање на активности од јавен карактер се создава можност за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците, нивно интегрирање и инклузирање во општеството и општествениот живот.

Училиштето е отворено за соработката со локалната заедница која ќе се остварува по електронски пат, преку писмени, односно усни обраќања и ќе се реализираат активности како базари, хепенинзи, еко акции кои детално се испланирани со соодветни содржини, испланирани цели, означени учесници и време на реализација, изготвени од Тимот за реализација на јавни и културни настани во училиштето.

## 10. Ученичко организирање и учество

Учениците во ОУРЦ „Д-р Златан Сремец“ - Скопје, со согласност од родителите, во текот на учебната година, активно ќе земаат учество во сите активности и работилници, како и посети и проекти кои се наменети и се изготвуваат токму за нив, а се со цел подобрување на нивнатата социјална и образовна инклузија, како и нивна целосна застапеност во општеството како рамноправни и еднакви негови членови, кои со своите способности и афинитети подеднакво како и сите останати членови го збогатуваат и допринесуваат во неговиот развојот и напредок кон подобро.

## 11.Вонучилишни активности

### 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Во училиштето се организираат полудневни излети во есен и во пролет во околината на Скопје. Основни цели се социјализација, релаксација, стекнување на нови искуства, развој на перцепција и моторика. Во прилог е програмата со активности на Тимот за ученички екскурзии и излети во ОУРЦ„Д-р Златан Сремец “

### 11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Сите ученици од 3-9 то одделение по добиена согласност од страна на родителот и според нивните можности ќе бидат вклучени во вонучилишните активности активностите на училиштето. Наставниците водат евиденција за вклученоста на учениците како и рамноправно учество на истите во реализација на активностите.

## 12.Натпревари за учениците

Училиштето води посебна грижа на нашите ученици да им обезбеди учество на натпревари пред се од областа на вештините, кои се најчесто од ревијален карактер, а кои имаат за цел: градење позитивна слика за себе, самодоверба, богатење на социјалните икуства и контакти, како и крајната цел целосна инклузија во општеството.Токму поради ова и во оваа учебна година редовно ги следиме конкурсите за учество на натпревари и учениците, согласно нивните можности, земаат учество на сите регионални или меѓународни конкурси. Со тоа се развива и креативноста на учениците, како и нивните способности и афинитети кои на овој начин се детектираат и ќе послужат за нивно професионално и кариерно ориентирање.

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/ интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција

Директорот на училиштето формира тим за училишна интеграција составен од пет члена, директорот е член на тимот за училишна интеграција по функција. При формирање на тимот за училишна интеграција директорот води грижа за застапеноста на наставниците, од сите јазици на кои се реализира наставата во училиштето. Тимот за училишна интеграција планира и организира активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција. Тимот за училишна интеграција во соработка со наставниците задолжително изработува план за активности кои ќе бидат планирани и во годишната програма во зависнот од тоа како ќе се одвива наставата он – лајн т.е. настава на далечина/или редовно на училиштето во насока на унапредувањето на интеркултурализмот преку разновидни работилници кои ќе опфаќаат заеднички посети, рекреативни и забавни игри, меѓусебно запознавање со религиите, одноцно верските празници, традиционалните носии, инструменти и фолклорот на етничките заедници се со прифаќање на различностите под мотото „И различните можат да се дружат“.

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Во текот на сите учебни години училиштето активно ги следи повиците за аплицирање на проекти од интерес на учениците и училиштето. Директорот на училиштето во Брисел, како единствено училиште од РСМ ги сподели добрите практики кои училиштето ги спроведува во полето на инклузијата во ноември 2023 г.

Наставниците беа активни и на eTwinning платформата преку која реализираа повеќе успешни проекти.

-Blue for solidarity
-Color effect
-Coping with students challenging behavior
-Art therapy for autism
-Get healthy
-Heritage of our regions and countries by painting or computer graphic
-Igram se I učim/ I play and learn
-Resource development in special education #2.

-Добитници на плакета за еТвининг училиште за учебната 2023/2024 година и еден преставник од училиштето ја подигна на свечен настан кој се одржа на 07.09.2023 год.

-Добиена е Национална и Европска ознака за квалитет за проектот Eco Friendly Kids.

Тековно се реализираат активности преку програмата ЕРАЗМУС+:

1. Erasmus+KA201- 2019-2021- Партнерство со училишта од Полска, Турција и Португалија, а под раководство на Романија каде што го имплементиравме Erasmus+ проектот „Together for better“. Главните цели се фокусирани на Социјалната инклузија на учениците со попреченост како и развој на нивните клучни компетенции. Предвидените активности во рамките на проектот успешно се реализирани и за истиот веќе е предаден финален извештај. Извештајот за овој проект и спроведените активности, е оценет со висока оценка од страна на надлежните .
2. Реализирани беа и активности од проектот Erasmus+ KA229 2019-2021 каде што Естонија, Словачка, Северна Македонија и Латвија разменија добри практики во справувањето со ученици со предизвикувачко однесување. И овој проект е во неговата завршна фаза, предаден е финалниот извештај за реализираните активности.
3. Од учебната 2020/2021 година се реализира проект 2019-2-MK01-ESC11-060546 “See the human behind- volunteering as a tool to support inclusion”. Волонтерот успешно ги реализираше своите активности.
4. Училиштето се стекна со акредитација и во текот на оваа учебна година ќе се реализираат планираните цели за тековната година.
   Во рамките на акредитацијата,6 наставници и стручни соработници посетија тренинг курс DILE(Teachers academy)-во Ница,Франција, во месец април,каде што се стекнаа со познавања за дизајнирање на инклузивни стратегии за учење.
5. Планирани се мобилности на кадар во рамките на проектите и проектните активности од KA201– “Child Safety Matters” (2020-1-RO01-KA201-080253) и

КА201– "Art Therapy for Autism" (2020-1-RO01_KA201-080184) и од проектот КА229 - Art/reatment with smiling receipt (2020-1-RO01-KA-229-080011) во текот на учебната 2022/2023 и истите се реализирани во текот на учебната година:
-"Art Therapy for Autism"-октомври 2022 Валмиера,Латвија, април 2023 Мерсин Труција и јуни 2023 Пашкани, Романија.
-Art/reatment with smiling receipt,- октомври 2022, Јасло, Полска,април 2023 Тулчеа, Романија и јуни 2023 Крит, Грција.
-"Child Safety Matters"- Томар-Поругалија- Мај 2023

6. Наставниците- дефектолози имаат активности и со проектот "Adapted Accessibulity for All -3A"(2020-1-RO01-KA226-SCH-095609). Овој проект е во завршна фаза, во делот на предавање на извештај. Предвидените активности во рамките на проектот успешно се реализирани.
7. Тековно се реализираат активности од проектот КА220 "Non-formal participatory spaces for school inclusive learning" (2021-1-ES01-KA220-SCH-000024578)

**Активни проекти**

1.Тековно се реализираат активности од проектот проект од ERASMUS + програмата, Building inclusive school settings (BLISS). KA220-SCH-000086200, со што се реализираа повеќе состаноци во Љубљана – Словенија, Нови Сад – Србија

2.Училиштето како партнер институција во текот на оваа учебна година ја започна со реализација и имплементација на нови Erazmus + проекти - DIGI able и LRB, со што се одржаа повеќе состаноци во Оргива, Гранада - Шпанија, Маја - Португалија.

3.KA220-SCH - "SECURER - incluSivE praCtice hUb foR tEachers and paRents", реф. број: 2023-1-LV01-KA220-SCH-000150398. Во периодот од 27-28.05.2024 год. во склоп со проектот SECURER се одржа втор транснационален состанок во Тераса, Шпанија.

4.KA220-SCH - "Let's move barriers", реф. број: 2023-1-PT01-KA210-SCH-000151500. На 06.03.2024 год. во просториите на нашето училиште официјално започна Еразмус+ проектот Let's move barriers со едно-неделна посета на партнерите.

5.Во периодот од 15-19.04.2024 год. бевме домаќини на наставници од Романија, областа Хунедоара, каде што група од 5 наставници од училишта кои работат по Стајнер педагогија, присуствуваа на job shadowing активност во нашето училиште. Посетата беше финансирана преку Еразмус+ акредитација на Инспекторатот за образование од Хунедоара, Романија.

6.Преку Еразмус+ акредитација на училиштето, во периодот од 18-25.03.2024 год. шест учесници од нашето училиште посетија обука насловена „Life coaching – Teachers wellbeing: Happy teachers for better students” во Прага, Чешка.

Училиштето стекна ознака за квалитет, E-Twinning School Label за 2023/2024 г. што претставува мотив за што поактивно вклучување во активности и проекти преку оваа платформа.

Акредитацијата која училиштето ја доби од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност во образованието,им овозможува на вработените да аплицираат за посета на курсеви и обуки кои соодветствуваат со целите на училиштето наведени во апликацијата. Тоа претставува одлична можност за професионален развој и доусовршување.

## 15.Поддршка на учениците

### 15.1. Постигнување на учениците

Средниот успехот и постигнувањата на учениците на крајот од учебната 2023-2024 година во Централното училиште изнесува 4,98 и е ист како и од учебната 2022-2023 година. Кај подрачните паралелки има стагнација на средниот успех, кој на крајот од учебната 2023/2024 изнесува 4,20, за разлика од 2022/2023 година кога истиот изнесувал 4,33. Од статистичкиот извештај може да се забележи дека учениците по сите предмети имаат добри резултати, само се издвојуваат неколку ученици кои имаат општ слаб успех по сите предмети. Анализата на постигнатите резултати по паралелки, ја прават наставниците и оттаму ќе произлезат конкретни активности за нивно подобрување.

Стручните соработници учествуваат во анализите за професионалниот развој и соработка, го следат темпото на напредокот на учениците со евидентирање на промените во соодветни обрасци и работат на подобрување на постигнувањата преку директна работа со учениците по пат на давање непосредна индивидуална поддршка, како и консултативни средби со наставниците, разговори, советувања и работилници сородителите и делуваат и врз пошироката заедницата и на тој начин придонесуваат во давање поддршка во учењето.

Училиштето има тим за евалуација на постигнувањата на учениците и одговорни наставници кои има изготвено акционен план за поддршка на учениците за подобрување на постигнувањата по предмети и наставни области.

### 15.2. Професионална ориентација на учениците

Училиштето им помага на родителите, односно старателите и на учениците при изборот на средното училиште, согласно со особеностите, способностите и афинитетите на учениците и затоа во текот на учебната година се следат индивидуалните афинитети на учениците кои ќе помогнат при изборот на средното училиште, Тимот за професионална ориентација на учениците користи алатки за утврдување на способностите, интересите и можностите на учениците и реализира програма за професионална ориентација за ученици од осмо и деветто одделение.

Целта на сите програмата е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, учениците да се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање.

### 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Училиштето остварува соработка со релевантни институции како што се: МВР; Центарот за социјална работа, Здравствени установи за безбедност преку одржување едукативни работилници за учениците, на кои се изработуваат постери каде на визуелен начин подобро се успева да им се објаснат одредени теми, а кои се поврзани со хигиената и здравите животни навики, правилната и избалансираната исхрана, заштита од непознати лица и опасни ситуации, воведување и запознавање како до ефикасно препознавање на трговијата со луѓе и сл.

Во рамките на одделенските часови редовно се разговара за не-насилство, асоцијално однесување, превенција од алкохолизам и пушење и други теми кои се поврзани со грижа за здравјето на учениците. За таа цел изработен е План на активности за промоција на добросостојбата на учениците, нивното здравје, заштита од насилство, злоупотреба, дискриминација и сл. од страна на училишниот Тим за реализација на овој план. Однесувањето на учениците редовно се следи и се реагира од страна на стручната служба за надминување на настанатите ситуации. Доколку има потреба се спроведуваат и активности од страна на стручната служба. Стручниот тим има изработено протокол во случај на насилство.

Во училиштето се реализира програма за **антикорупциска едукација на учениците** од 6-9 одд.. Активностите се реализираат во рамките на предметот ООН и Ликовно образование, преку разни активности кои се прилагодени со цел нивно прилагодување на можностите и интересите на учениците.

# 16.Оценување

## 16.1 Видови оценување и календар на оценувањето

Во текот на училишната година се спроведуваа формативното и сумативното оценување за кои наставниците на крајот на учебната година даваат извештаи за искуствата од нивната примена.

Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и бројчано во три периоди:

Во првиот период се опфатени ученици од III одделение и се оценуваат описно. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето.

Во вториот период се опфатени ученици од IV-VI одделение и се оценуваат описно и бројчано. На крајот од првото, второто и третото тримесечје добиваат описни оценки, а на крајот од учебната година добиваат нумерички оценки се со цел полесно адаптирање кон преминот во третиот период на деветгодишното образование.

Во третиот период се опфатени ученици од VII-IX одделение и се оценуваат само со нумерички оценки. Проверувањето на знаењата и оценувањето на учениците се врши според индивидуалните можности и способности на учениците.

Предмет на оценување во текот на учебната година е напредувањето на ученикот во постигнувањето на воспитно– образовните цели под влијание на наставниот процес и другите воспитно– образовни активности, утврдени со планот и оваа програма, односно определување на вредноста на неговите постигања. При определување на оценка се земаа предвид обемот и квалитетот на усвоените знаења, работните навики, оспособеноста за примена на знаењата и развојот на способностите на ученикот.

Оценувањето се евидентира во секојдневните инструменти и белешки на наставникот, портфолија, електронскиот дневник, еведентни листови за оценување. Сите чинители во воспитно-образовниот процес редовно го следат оценувањето и се ангажираат во подигање на квалитетот на оценувањето на постигањата на учениците.

## 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Во тимот за следење, анализа и поддршка членуваат стручната служба, двајца предметни наставници, двајца одделенски наставници.

Тимот работи според програма која е изготвена во првиот квартал од учебната година, а содржи активности насочени кон поддршка на учениците во постигање на подобри резултати, поддршка на наставниците кои исто така постигнуваат повисоки резултати во работењето и на оние кои се соочуваат со одредени проблеми во работата. Следењето на постигнувањата во реализацијата на програмите, анализа на резултатите по одделни предмети, постигнувањата на секој ученик поединечно како и осознавање на

состојби значајни за квалитетна реализација на наставните курикулуми се одвива на советите. Следењето на напредувањето на учениците континуирано го вршат како наставниците така и стручната служба на училиштето и директорот.

Така се собираа податоци кои ја карактеризираат континуираноста на оценувањето, дидактичката разновидност на формите, методите и средствата за оценување, разработеноста на критериумите за оценување и се предлагаа мерки за развој и унапредување на наставниот процес во функција на подобрување на успехот.

Согласно Законот за основно образование и трансформацијата на посебните училишта во училишта со ресурсни центри, како и трансформација на посебните паралелки во центри за поддршка на основните училишта, раководниот тим на нашето училиште ги насочува своите капацитети и ресурси, со цел на најдобар начин да одговори на предизвиците во образованието. Една од поддршките на кои може да одговори е давање на стручна едукативна поддршка на наставниците во следење, анализирање на оценувањето како и дефинирање на критериуми за оценување на учениците, имајќи ја предвид сензибилноста во делот на можностите и способностите на учениците од една страна, барањата и очекувањата на родителите од друга страна и објективноста на наставникот кој оценува. Тимот има за цел да ги поттикне наставниците –дефектолози во креирање на соодветни Програми за работа со учениците, креирање на адекватни алатки за следење на напредокот на учениците, стратегии за анализа на стекнатите знаења и вештини и поддршка во креирање на формативна /сумативна оценка. Исто така, Тимот има за цел да ги поттикне наставниците за изготвување на алатки за континуирано следење, анализа и евалуација на постигањата на учениците, како и споделување на добри практики за оценување и евалуација, што ќе резултира со унапредување на воспитно образовниот процес и унапредување на релациите на сите чинители во образовниот процес- наставник, ученик, родител.

### 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно – образовниот кадар

Во текот на учебната 2024-2025 година, стручниот соработник-психолог и директорот ќе ги реализираат испланираните посети, проверка на педагошка документација, опсервација на часовите со цел следење, вреднување на квалитетот на воспитно-образовниот кадар, давање насоки за подобро водење на евидентните листови за учениците како и за поефикасно работење со е-дневникот.

### 16.4 Самоевалуација на училиштето

На крајот на оваа учебна година училишето ќе изготви нова самоевалуација за периодот од 2023/2024 и 2024/2025 година,според новите индикатори.Извештајот ќе ги

содржи јаките и слаби страни на училиштето како и подрачјето кон кое треба да се делува во иднина.

## 17. Безбедност во училиштето

Во текот на учебната 2015/ 2016 г. изготвен е Правилник за заштита од експлозии и пожари и Проценка за загрозеност од природни непогоди и други несреќи согласно најновите законски одредби и за истиот е добиена согласност од Дирекцијата за заштита и спасување. Постојано се имплементираат активности и сегменти од истите.

За да се зголеми безбедноста, наставниците-специјални едукатори и рехабилитатори ја уредуваат училницата имајќи ги предвид способностите и можностите на секој ученик во одделението, така што оние средства и апарати кои можат да ја загрозат безбедноста да не се на дофат на учениците.

На крајот на учебната 2015/2016г., сите прозорци во сите простории на горниот кат беа заштитени со решетки, и беа заменети вратите кон холовите со нови побезбедни со помош на донација од АД Телеком.

Исто така во рамки на часовите учениците: следеа предавања за пружање прва помош, заштита при пожар и земјотрес, користење против- пожарни апарати и друга опрема, а сето тоа беше проследено преку практични вежби и поткрепено со соодветни дидактички помагала. За време на одморите се реализираа дежурства на наставниците кои ги следеа случувањата за време на одморите.

Изготвен беше и план за спасување (план за евакуација) во случај на елементарна непогода и истиот беше реализиран со исцртување на стрелки за движење во ходниците. ПП апаратите, громобранското заземјување и електричната инсталација се редовно сервисирани и проверени од овластена фирма.

Училиштето во соработка со Советот на родители, покрена иницијатива за санирање на капијата на влезот на училиштето која и се реализира и со тоа се спречува непрописно паркирање и узурпирање на возила во училишниот двор како и на едукативната патека.

## 18. Грижа за здравјето

### 18.1 Хигиена во училиштето

Хигиената во училиштето се одржува од страна на техничкиот персонал, како и со активности од страна на сите вработени, посебно со чек листи се контролира дали овие активност се реализираат со предвидената фреквенција. Тоалетите за наставниците и за учениците се чисти и дезинфицирани во секое време од денот. За таа намена има протокол кој се почитува и се спроведува за одржување на хигиената во училниците, ходниците и училишниот двор.

Голема улога во сето ова имаат и сите наставници, преку постојано укажување на учениците за значењето на хигиената и преку активности за градење на хигиенски навики кај учениците. Исто така не помалку значајна улога превземаа и родителите во јакнењето на личната хигиена кај учениците.

### 18.2 Систематски прегледи

Систематските прегледи и вакцинациите се одржуваат согласно програмата на Министерството за здравство и училиштето ќе се прилагоди на нивните барања. Учениците ќе бидат придружувани од наставниците, социјалниот работник и по потреба родителите. Сите овие прегледи ќе се реализираат без да се попречи редовниот тек на наставата и часовите. Систематски и санитарни прегледи се предвидени и за сите вработени пред почетокот на учебната година.

### 18.3 Вакцинирање

Вакцинирањето на учениците ќе се спроведува во согласност со програмата на Министерството за здравство. Оваа учебна година за сите ученици и од централно и подрачните училишта вакцинирањето ќе биде реализирано според дадени упатства и истите ќе бидат придружувани од родителите, одговорните наставници и стручна служба. Целосна евиденција за оваа активност и понатаму ја води социјалниот работник.

### 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Едукацијата и следење на принципите на здрава храна ја вршат специјалните едукатори и рехабилитатори – наставници преку теми и содржини интегрирани во наставниот план и програма и одделенските раководители преку темите за часовите на одделенските заедници и од програмата за животни вештини и во корелација со содржините од одредени предмети со тоа што се стави акцент на пирамидата на исхрана и внесување на потребни витамини и минерали преку храната.

Училиштето има сопствена кујна каде што го приготвува ручекот според однапред определено мени кое се менува на секои две недели. Менито го изготвува комисија која води сметка за здрави оброци, квалитет на исхраната и приготвениот оброк. Министерството за образование партиципира за исхрана на учениците во училиштето.

## 19.Училишна клима

### 19.1 Дисциплина

Дисциплината во училиштето се одржува со активно учество на сите субјекти, а со доследно спроведување на Кодексот на однесување на ученици, наставници, родители и други вработени. Во училишните ходници и во училишниот двор за време на целиот

наставен ден се организираат дежурства од наставниции тоа на долниот спрат 4 наставници (одговорни за наставата во долните одделенија) а на горниот спрат 4 наставници (во горните одделенија). Дежурството на наставниците се изработува според распоредот на часови, во текот на првата недела од учебната година и ќе биде истакнат во наставничката канцеларија.

### 19.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во уредување и одржување на просторот во училиштето и дворот учествуваат сите субјекти. Секој наставник пред својот кабинет или училница го уредува паното според потребите и наставните содржини, а останатиот дел од училишните ѕидови, како и холот го одржуваат членовите на ликовната секција и комисијата за естетско уредување.

### 19.3. Етички кодекси

Етичкиот кодекс во училиштето или кодекс на однесувањето е истакнат на видно место во училиштето и истиот се почитува.
***Училиштето има изготвено Еко кодекс кој на јасен и декларативен начин ја покажува посветеноста на училиштето за подобрување на условите во кои се учи и работи. Еко кодексот е истакнат на видно место во училишната зграда.***

### 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Меѓу вработените владее почит и разбирање. Со цел да се подобри меѓусебната комуникација, се организираат екскурзии, прослави, заедничко дружење на различни свечености и манифестации и други начини на дружење, се со цел да се зајакне тимскиот начин на работа.

## 20.Професионален и кариерен развој на воспитно- образовниот кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Приоритетните обуки се реализираа преку:

-Индивидуално стручно усовршување преку следење на стручна литература и списанија

-Екстерно стручно усовршување преку учество на он лајн семинари, советувања во организација на Бирото за развој на образованието и др. институции– вработените ги посетија обуките организирани од БРО:

- Интерно стручно усовршување преку интерни он лајн обуки, дисеминација и работата на стручните активи во училиштето.
- Стручно усовршување на наставник- приправник преку менторство со примена на Акционен план за менторство.
- Стручно усовршување преку реализирање на програмата на стручните активи

### 20.2. Активности за професионален развој

Акциониот план за реализација на активности за професионален развој се дадени во прилог и изготвени од Тимот за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар во ОУРЦ „ Д-р Златан Сремец“- Скопје.

### 20.3. Личен и професионален развој

